Влада на Република Северна Македонија

З А П И С Н И К
од Шеесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 25 март 2025 година

Скопје, март 2025 година

**З А П И С Н И К**
**од Шеесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 25 март 2025 година**

Седницата започна во 12:30 часот.

На седницата претседаваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Хасим Муртезани.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Ален Деребан, заменик на министерот за правда, м-р Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, д-р Флакрон Беџети, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, м-р Ане Лашкоска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање и м-р Сафије Садики Шаини, заменик на министерот за спорт.

На седницата присуствуваа и м-р Ивица Томовски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Марија Митева и Венера Љатифи Азизи, портпароли на Владата на Република Северна Македонија и Стојанче Ангелов, директор на Центарот за управување со кризи, Никола Мемов, директор на Фондот

за пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, Дејан Кошутиќ, директор на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје и Максим Ацевски, главен државен ревизор.

Од седницата отсуствуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Игор Филков, министер за правда, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади и Борко Ристовски, министер за спорт.

*

*    *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

- Усвојување на Записникот од Шеесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 19 март 2025 година

1. Предлог на закон за енергетика(*)

2. Записник од Втората седница на Управувачкиот комитет за координација и управување со системот за управување со кризи, одржана на 14 март 2025 година и Записник од Втората седница на Групата за процена на ризици и опасности, одржана на 11 март 2025 година, со предлог – одлуки

3. Конечен извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Ефикасност на мерките и политиките за сервисирање на јавниот долг"

4. Конечни извештаи за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Министерството за финансии-Биро за јавни набавки (сметка на основен буџет (603) и сметка на основен буџет (631))

5. Одлука за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-берза, Скопје за 2025 година, со Предлог-одлука

6. Бизнис план за 2025 година, инвестициони програми за 2025, 2026, 2027, 2028 и 2029 година, Финансиска програма за 2025 година и Петгодишен план за период од 2025-2029 година на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје, со Предлог-одлука

7. Изменет Финансиски план на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2025 година, со дополнување

8. Извештај за национална проценка на ризикот од перење пари, финансирање на тероризам, финансирање на оружје за масовно уништување и други поврзани ризици

9. Информација за мониторинг за безбедност на храна за животни за 2025 година, со Предлог-програма

10. Информација за работењето на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје, во третото тримесечје на деловната 2024 година, со дополнувања

11. Деловен и Финансиски извештај за 2022 година на Здружението на граѓани за социјален и економски развој ИН ВИВО - Скопје, со статус на организација од јавен интерес
(Здружение на граѓани за социјален и економски развој ИН ВИВО – Скопје)

12. Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Централен регистар на Република Македонија, со Предлог-одлука

13. Годишен план за работа на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија за 2025 година

14. Информација во врска со пријавувањето во задолжително здравствено осигурување на лицата кои имаат пониски и повисоки примања, а не се вработени (невработени лица) согласно одредбите од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување и Законот за здравствено осигурување, во процесот на регистрација/перерегистрација во здравственото осигурување

15. Информација за Годишна програма за дополнување на Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2025 година, со Предлог-одлука

16. Информација во врска со Анекс договор бр.1 кон Договорот за доделување на државна помош бр.13-374/1 од 15.2.2023 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони како прва договорна страна и Друштвото за производство, трговија и услуги ВАН ХООЛ Македонија ДООЕЛ Илинден како втора договорна страна и ИММРОЦ НВ како трета договорна страна, со текст на Анекс на договор бр.1, со прилози и Предлог-одлука

17. Информација во врска со Анекс договор бр.2 кон Договорот за доделување на државна помош бр.13-255/1 од 1.2.2016 година и Анекс Договор бр.1 со бр.13-1402/1 од 20.10.2022 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија како давател на државна помош, застапувана и претставувана од страна на Дирекцијата за технолошки индустрски развојни зони и Друштвото за производство, трговија и услуги Ван Хоол Македонија ДООЕЛ Илинден и ИММОРОЦ НВ (IMMOROC NV), со текст на Анекс договор бр.2 и Предлог-одлука

18. Информација во врска со Анекс договор бр.1 кон Договорот за доделување на државна помош, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Друштвото за производство и трговија Магна Мирорс Саут-Ист Јуроп ДООЕЛ Струга и Магна Аутомотиве Еуропе ГмбХ (Magna Automotive Europe GmbH), бр.13-681/1 од 10.5.2021 година, со усогласен текст на Анекс Договор бр.1 и со Предлог - одлука

19. Информација за давање на согласност за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, со прилози и Предлог-одлука

20. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за индустриски-зелени зони

21. Информација за доставено Барање бр.11-6146/1 од 22.10.2024 година за регулирање на долг и Одговор на барање за прецизирање на услови за репрограмирање на долг бр.11-6146/5 од 6.12.2024 година, со воспоставување на нови кредитни услови на солидарните должници Општина Штип и Јавното претпријатие Исар Штип кон Министерството за финансии поради неможност за отплата на долгот, со текст на Анекс на Спогодба

22. Информација за промена на динамика на плаќање при реализација на проектот: Изградба на насипна брана со придружни објекти „Отиња“, Општина Штип

23. Информација за Енергетскиот биланс на Република Северна Македонија за 2025 година, со Предлог - одлука

24. Предлог - програма за заштита на биолошката разновидност во сточарството од 2025 до 2031 година

25. Предлог - програма за спроведување на интервентен фонд за земјоделството за 2025 година

26. Предлог за поведување постапка за водење на преговори за склучување на Нацрт-договор меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Србија за воспоставување заеднички контроли на заедничкиот граничен премин за меѓународен патен сообраќај Табановце (Република Северна Македонија - Прешево (Република Србија), со текст на Нацрт-договор

27. Информација за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради учество на вежбата „SEVEN STARS 25“, со Предлог-одлука

28. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „VALIANT STRIKE (VAST) 25“, во Република Романија

29. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „B-9/Balkan Forum 25, (BACSOT-25)“, во Република Турција

30. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Центарот за развој на Вардарски плански регион

31. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Центарот за развој на Североисточен плански регион

32. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Центарот за развој на Скопски плански регион

33. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Центарот за развој на Пелагониски плански регион

34. Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Центарот за развој на Полошки плански регион

35. Предлог-одлука за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на Центарот за развој на Југоисточен плански регион

36. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Центарот за развој на Југозападен плански регион

37. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Центарот за развој на Источен плански регион

38. Информација за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка на антитуберкулотици од прва линија за континуирана терапија на пациентите заболени со туберкулоза за период јуни 2025 – јуни 2027 година

39. Предлог-програма за изменување на Програмата за научно-истражувачката дејност за 2025 година

40. Предлог-одлука за доделување на средства на Ученичкиот дом при Средно медицинско училиште на Град Скопје „д-р Панче Караѓозов“, Скопје (режиски трошоци)

41. Предлог-одлука за доделување на средства на Јавната установа Ученички дом на Град Скопје „Здравко Цветковски“ Скопје (режиски трошоци)

42. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Кочо Рацин“ Битола (режиски трошоци)

43. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Томе Стефановски-Сениќ“, Скопје (режиски трошоци)

44. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Скопје“ Скопје (режиски трошоци)

45. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Пелагонија“ Скопје (режиски трошоци)

46. Барање за давање на автентично толкување на член 353 од Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17 и 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 36/23 и 188/23), поднесено од пратеникот Силвана Ангелевска

47. Иницијатива поднесена од Тито Беличанец и други од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.13/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 3 и член 18 од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.193/24)

48. Иницијатива поднесена од Мултиетничкиот синдикат Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.3/2025 за оценување на уставноста на член 40-а став 6 од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 193/15 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19, 275/19, 14/20, 171/22, 65/23, 14/24 и 30/24)

49. Иницијатива од Зоран Салтамарски, потполковник во пензија, од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под УЗ бр. 1/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за престанување на важење на Одлуката за прифаќање на старешините на ЈНА, воените службеници и граѓанските лица на служба во ЈНА од страна на Република Македонија, бр. 19-8426/1 од 26.12.2007 година, објавена во Службен весник на Република Македонија број 158/2007

50. Иницијатива од адвокат Александра Илиева Милчова од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.5/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 9 став 1 во делот „на правосилноста“, член 9 став 2 во делот „на правосилната“, член 9 став 3 во делот „за правосилни“ и член 9 став 4 во делот „без образложение“ од Законот за управување со движењето на предметите во судовите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20)

51. Иницијатива од Сали Мурати, пратеник од Европскиот фронт во Собранието на Република Северна Македонија, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.2/2025 за поведување на постапка за оценување на уставноста на автентичното толкување на член 39 став (3) и член 45 став (4) од Законот за надворешни работи („Службен весник на Република Македонија" бр.46/06, 140/07, 107/08, 131/08, 26/13, 39/14, 61/15 и 225/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 267/24)

52. Иницијатива од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под УЗ.бр.7/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на членот 8 став 2 алинеи 1, 2 и 3 во делот „Комисија“ и членот 9 во делот „Комисија“ од Одлуката за условите за распределба и користење на средства за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, бр.50-315/3 од 14.1.2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.11/25)

53. Иницијатива од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.17/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 177-г став 2 во делот „именувани од министерот“ и член 177-г став 10 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22 и 17/25)

54. Иницијатива од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.11/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 23-а став 1 во делот „Законот за игри на среќа" и член 23-а став 5 во делот „Критериумите" од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија" бр.29/02, 66/04, 83/05, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 52/19, 98/19, 244/19, 53/24, 74/24, 170/24 и 59/25)

55. Иницијатива од Новица Наков од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.267/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 40 и член 41 од Законот за вршење на сметководствени работи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 173/22 и 47/25)

56. Понуда од нотар Сања Бозоска од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.65420, за КО Волково, на КП бр.609, викано место/улица „ул.102“

57. Понуда од нотар Сихана Зибери од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.784 за КО Горно и Долно Оризари, на КП бр.455/2, викано место/улица „Поле“

58. Понуда од нотар Сихана Зибери Шабани од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.784, за КО Горно и Долно Оризари, на КП бр.355/1, викано место/улица „Крст“

59. Понуда од нотар Сихана Зибери Шабани од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.1355, за КО Горно и Долно Оризари, на КП бр.562/2, викано место/улица „Брест"

60. Понуда од нотар Елена Пенџерковски од Скопје за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.2717, за КО Јурумлери, на КП бр.687/9, викано место/улица „Село"

61. Понуда од нотар Оливера Пешиќ од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.3193, за КО Кисела Вода 1, на КП бр.2275, викано место/улица „Димо Хаџи Димов"

62. Понуда од нотар Владимир Голубовски од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.21624, за КО Кучково, на КП бр.4049/1 и КП бр.4049/2, викано место/улица „Бунариште"

63. Понуда од нотар Иљхам Исмани од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.1630, за КО Визбегово, на КП бр.755/3, викано место/улица „Село"

64. Понуда од нотар Мартин Божиновски од Куманово, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.9312, за КО Куманово, на КП бр.18479/1 и КП бр.18479/3, викано место/улица „Т. Георгиев"

65. Понуда од нотар Мартин Божиновски од Куманово за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.9312, за КО Куманово, на КП бр.18479/1 и КП бр.18479/3, викано место/улица „Т. Георгиев"

66. Кадровски прашања

67. Прашања и предлози

68. Информација за состојбата на прекршочните предмети на Царинската управа и преземените мерки за нивно тековно решавање во 2024 година

69. Финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о., за период од 1.7.2024 година до 30.9.2024 година

70. Тримесечен извештај за работа на М-НАВ АД Скопје, за периодот јули - септември 2024 година

71. Извештај за финансиското работење на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост, Скопје, за период од 1.7.2024 година до 30.9.2024 година

72. План за годишна инвестициона програма на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2025 година

73. Известување за преземени мерки по препораките на овластениот државен ревизор содржани во конечниот ревизорски извештај

74. Извештај за финансиското за работење на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција“ – Скопје во државна сопственост (МИА), за периодот од 1 јули до 30 септември 2024 година

75. Извештај со финансиски показатели за реализација на Програмата за спроведување на интервентен фонд за земјоделството за 2024 година

76. Извештај со финансиски показатели за реализација на Програмата за поттикнување на потрошувачка на свежо овошје за 2024 година

77. Предлог – одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (седумдесет и девета одлука)

78. Предлог-одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (осумдесет и трета одлука)

79. Предлог-одлука за укинување на увозната давачка- царинската стапка за живински и птичји јајца во лушпа, свежи, конзервирани или варени

80. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 12 март 2025 година до 18 март 2025 година

81. Информација за потребата од донесување на годишен план на Владата на Република Северна Македонија за склучување на договори за набавка на стоки, услуги и работи во областа на одбраната и безбедноста со влади на странски држави за 2025 година, со Предлог-годишен план

82. Информација во врска со текот и статусот на жалбената постапка против Република Северна Македонија поднесена до ИКАО од страна на Руската федерација за рестриктивни мерки во воздушниот сообраќај, со текст на Нацрт - реплика на Одговорот на Прелиминарниот приговор

83. Предлог – одлука за основање на Комисија за избор на кандидати на Република Северна Македонија за судија во Европскиот суд за човекови права

84. Информација за измена на динамика на проектот на повеќегодишна јавна набавка за финансирање на активности за реализација на проектот „Регулација на речно корито на Сува Река во атарот на Општина Сарај“

85. Информација за измена на динамика  на повеќегодишна јавна набавка за финансирање на активности на проектот „Изградба на канализационен систем/мрежа/колектор во повеќе н.м во Општина Врапчиште"

86. Информација за „Спроведување и задолжување согласно склучен договор за набавка на изворен код, одржување и модернизација на информационен систем за управување со човечки ресурси ИСУЧР"

87. Предлог - одлука за именување на заменик гувернер на Република Северна Македонија во Европската банка за обнова и развој

88. Информација за доставено Барање за репрограмирање на долг бр.11-1575/1 од 21.2.2025 година на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија кон Министерството за финансии, поради неможност за отплата на доспеаните обврски по Договор за заем, склучен со Европската банка за обнова и развој, со текст на Договор

89. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање, по скратена постапка

90. Предлог на закон за изменување на Законот за превоз во патниот сообраќај, по скратена постапка

91. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај, по скратена постапка

92. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за гробишта и погребални услуги, по скратена постапка

93. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за работното време на мобилните работници во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај, по скратена постапка

94. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за градење, по скратена постапка

95. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за јавна чистота, по скратена постапка

96. Информација за утврдување на минималната плата во Република Северна Македонија за 2025 година

*

*          *

Владата без забелешки го усвои Записникот од Шеесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 19 март 2025 година.

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

## Точка 1

Владата го разгледа Предлогот на закон за енергетика(*), го утврди и заклучи, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определи м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини и м-р Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, а за повереници Горан Јовановски, државен секретар во Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини и Валентина Старделова, раководител на сектор во Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини.

Истовремено, Владата ги донесе следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини да ги усогласи кореспондентните табели со Секретаријатот за законодавство.

2. Се задолжува Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини да го има предвид Мислењето на Министерството за финансии дека доколку спроведувањето на Предлогот на закон е приоритет на Владата на Република Северна Македонија, фискалните импликации кои ќе произлезат од истиот, да ги предвиди во рамки на среднорочните фискални проекции.

## Точка 2

Владата го разгледа Записникот од Втората седница на Управувачкиот комитет за координација и управување со системот за управување со кризи, одржана на 14 март 2025 година и Записникот од Втората седница на Групата за процена на ризици и опасности, одржана на 11 март 2025 година, со предлог – одлуки и притоа заклучи:

1. Го усвои Записникот од Втората седница на Управувачкиот комитет за координација и управување со системот за управување со кризи, одржана на 14 март 2025 година.

2. Го разгледа Предлогот на одлука за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република

Северна Македонија, со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, го утврди и заклучи да го достави до Собранието на Република Северна Македонија, со предлог да го разгледа.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана и д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, а за повереник Стојанче Ангелов, директор на Центарот за управување со кризи.

3. Периодот на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјата на јужната и северната граница, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, е до 31 декември 2025 година.

4. За операционализација на Предлогот на одлука за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, а врз основа на дадениот предлог на Управувачкиот комитет за координација и управување со системот за управување со кризи, Владата заклучи да му предложи на Претседателот на Република Северна Македонија да одлучи за учество на дел од припадниците на Армијата на Република Северна Македонија (вид и број на сили и капацитети на армиските единици, намена и задачи за кои се бараат и времетраењето на активноста и ангажираноста на армиските единици), како поддршка на полицијата во справувањето со кризната состојба.

5. Го разгледа Предлогот на одлука за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, го утврди и заклучи да го достави до Собранието на Република Северна Македонија, со предлог да го разгледа.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана и д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, а за повереник Стојанче Ангелов, директор на Центарот за управување со кризи.

6. Периодот на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општина Гази Баба на кое КПУ КПД Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, е до 31 јули 2025 година.

7. За операционализација на Предлогот на одлука за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, а врз основа на дадениот предлог на Управувачкиот комитет за координација и управување со системот за управување со кризи, Владата заклучи да му предложи на Претседателот на Република Северна Македонија да одлучи за учество на дел од припадниците на Армијата на

Република Северна Македонија (вид и број на сили и капацитети на армиските единици, намена и задачи за кои се бараат и времетраењето на активноста и ангажираноста на армиските единици), како поддршка на полицијата во справувањето со кризната состојба.

8. Се задолжува Главниот штаб за управување со кризи при Центарот за управување со кризи да ги следи состојбите, да координира со активностите и редовно да ја информира Владата.

9. Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да организира координативен состанок со сите надлежни институции кои имаат законска надлежност поврзана со пожари на отворен простор, на кој детално ќе се анализира постојната законска регулатива поврзана со пожари на отворен простор, а донесените заклучоци да ги достави до соодветните институции.

10. Се задолжува Дирекцијата за заштита и спасување по однос на точка 7 од Нацрт – записникот од Четириесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 24 декември 2025 година „Информација за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите за овластените службени лица од областа на безбедноста, воздухопловниот персонал, пиротехничарите и за помошно -техничките лица вработени во Дирекција за заштита и спасување, со Предлог -одлука“, да достави пополнет образец за фискални импликации, со цел материјалот да се разгледа во редовна владина постапка.

## Точка 3

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Ефикасност на мерките и политиките за сервисирање на јавниот долг“, како материјал за информирање.

## Точка 4

Владата ги разгледа Конечните извештаи за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Министерството за финансии-Биро за јавни набавки (сметка на основен буџет (603) и сметка на основен буџет (631)), како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за финансии - Бирото за јавни набавки, да подготви акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Државниот завод за ревизија и во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

## Точка 5

Владата ја разгледа Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-берза, Скопје за 2025 година и ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-берза, Скопје за 2025 година.

## Точка 6

Владата ги разгледа Бизнис планот за 2025 година, инвестиционите програми за 2025, 2026, 2027, 2028 и 2029 година, Финансиската програма за 2025 година и Петгодишниот план за период од 2025-2029 година на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје, со Предлог-одлука и условно ја донесе Одлуката за давање согласност на Бизнис планот на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје за 2025 година, со заклучок да се одржи координативен состанок помеѓу директорот на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и министерот за финансии, со цел дополнително усогласување на материјалот во однос на внесените податоци во обрасците за финансиско известување (истите да бидат усогласени со податоците од табеларниот преглед за економски финансиските резултати на Друштвото), планираниот износ за бруто плати за 2025 година, прегледот за реализирани и планирани средства за бруто плати и средства за ангажирање на лица, како и планираниот број на нови вработувања на неопределено време.

## Точка 7

Владата го разгледа Изменетиот Финансиски план на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2025 година, со дополнување, како материјал за информирање.

## Точка 8

Владата го разгледа и усвои Извештајот за национална проценка на ризикот од перење пари, финансирање на тероризам, финансирање на оружје за масовно уништување и други поврзани ризици.

## Точка 9

Владата ја разгледа Информацијата за мониторинг за безбедност на храна за животни за 2025 година, со Предлог-програма, ја усвои Информацијата и ја донесе Програмата за мониторинг за безбедност на храна за животни за 2025 година.

## Точка 10

Владата ја разгледа Информацијата за работењето на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје, во третото тримесечје на деловната 2024 година, со дополнувања, како материјал за информирање.

## Точка 11

Владата ги разгледа и усвои Деловниот и Финансискиот извештај за 2022 година на Здружението на граѓани за социјален и економски развој ИН ВИВО - Скопје, со статус на организација од јавен интерес.

## Точка 12

Владата ја разгледа Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Централен регистар на Република Македонија, со Предлог-одлука и ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Централен регистар на Република Македонија.

## Точка 13

Владата го разгледа и усвои Годишниот план за работа на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија за 2025 година.

## Точка 14

Владата ја разгледа Информацијата во врска со пријавувањето во задолжително здравствено осигурување на лицата кои имаат пониски и повисоки примања, а не се вработени (невработени лица) согласно одредбите од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување и Законот за здравствено осигурување, во процесот на регистрација/пререгистрација во здравственото осигурување и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се укажува на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, во соработка со Министерството за финансии, Министерството за здравство и Министерството за финансии - Управа за јавни приходи, да изготват предлог за нов начин на пријавување, утврдување на својство на осигурено лице и одјавување на лицата кои имаат пониски и повисоки примања, а не се вработени (невработени лица) и за истиот во рок од 90 дена да ја информираат Владата.

2. Се задолжуваат Министерството за финансии, Министерството за здравство и Министерството за финансии - Управа за јавни приходи до Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, во рок од три дена, да номинираат претставници за работната група, која ќе работи на изготвување на предлогот за нов начин на пријавување, утврдување на својство на осигурено лице и одјавување на лицата кои имаат пониски и повисоки примања, а не се вработени (невработени лица).

## Точка 15

Владата ја разгледа Информацијата за Годишна програма за дополнување на Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2025 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Програмата за дополнување на Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2025 година.

## Точка 16

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Анекс договор бр.1 кон Договорот за доделување на државна помош бр.13-374/1 од 15.2.2023 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони како прва договорна страна и Друштвото за производство, трговија и услуги ВАН ХООЛ Македонија ДООЕЛ Илинден како втора договорна страна и ИММРОЦ НВ како трета договорна страна, со текст на Анекс на договор бр.1, со прилози и Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Анекс - договорот бр.1 кон Договорот за доделување на државна помош, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Друштвото за производство, трговија и услуги ВАН ХООЛ Македонија ДООЕЛ Илинден и ИММОРОЦ НВ (IMMOROC NV), бр.13-374/1 од 15.2.2023 година (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

## Точка 17

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Анекс договор бр.2 кон Договорот за доделување на државна помош бр.13-255/1 од 1.2.2016 година и Анекс Договор бр.1 со бр.13-1402/1 од 20.10.2022 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија како давател на државна помош, застапувана и претставувана од страна на Дирекцијата за технолошки индустрски развојни зони и Друштвото за производство, трговија и услуги Ван Хоол Македонија ДООЕЛ Илинден и ИММОРОЦ НВ (IMMOROC NV), со текст на Анекс договор бр.2 и Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Анекс - договорот бр.2 кон Договорот за доделување на државна помош, склучен помеѓу Владата на Република Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Друштвото за производство, трговија и услуги Ван Хоол Македонија ДООЕЛ Илинден и ИММОРОЦ НВ (IMMOROC NV) бр.13-255/1 од 1.2.2016 година и бр.13-1402/1 од 20.10.2022 година (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

## Точка 18

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Анекс договор бр.1 кон Договорот за доделување на државна помош, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Друштвото за производство и трговија Магна Мирорс Саут-Ист Јуроп ДООЕЛ Струга и Магна Аутомотиве Еуропе ГмбХ (Magna Automotive Europe GmbH), бр.13-681/1 од 10.5.2021 година, со усогласен текст на Анекс Договор бр.1 и со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Анекс - Договорот бр.1 кон Договорот за доделување на државна помош, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија, застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Друштвото за производство и трговија Магна Мирорс Саут-Ист Јуроп ДООЕЛ Струга и Магна Аутомотиве Еуропе ГмбХ (Magna Automotive Europe GmbH) бр.13-681/1 од 10.5.2021 година.

Точка 19

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија, со прилози и Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија.

Точка 20

Владата го одложи од разгледување Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за индустриски-зелени зони, поради потребата од дополнителни усогласувања со Министерството за транспорт, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини и Секретаријатот за законодавство.

Предлагачот да ја извести Владата кога материјалот повторно да се стави на дневен ред на седница на Влада.

Точка 21

Владата ја разгледа Информацијата за доставено Барање бр.11-6146/1 од 22.10.2024 година за регулирање на долг и Одговор на барање за прецизирање на услови за репрограмирање на долг бр.11-6146/5 од 6.12.2024 година, со воспоставување на нови кредитни услови на солидарните должници Општина Штип и Јавното претпријатие Исар Штип кон Министерството за финансии поради неможност за отплата на долгот, со текст на Анекс на Спогодба, ја усвои и го задолжи Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачје Штип, како законски застапник на Министерството за финансии, да склучи Анекс кон Спогодбата за регулирање на исплата на долг склучена на ден 4.3.2021 година и солемнизирана под ОДУ бр.70/21 од 18.3.2021 година на Нотар Соња Кантраџиска-Кимова од Штип, со цел репрограмирање на долгот на солидарните должници Општина Штип и Јавното претпријатие Исар Штип кон Министерството за финансии, на начин и во износ како што е утврдено во оваа информација и во Анексот кон Спогодбата.

Точка 22

Владата ја разгледа Информацијата за промена на динамика на плаќање при реализација на проектот: Изградба на насипна брана со придружни објекти „Отиња", Општина Штип и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2025 година и 2026 година на Министерството за транспорт, за Изградба на насипна брана со придружни објекти „Отиња", Општина Штип, во вкупна вредност од 149.870.083,00 денари со вклучен ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 2025 година – средства во износ од 110.000.000,00 денари со вклучен ДДВ и
- 2026 година – средства во износ од 39.870.083,00 денари со вклучен ДДВ.

2. Се задолжува Министерството за транспорт да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветната фискална година, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на буџетот на Република Северна Македонија за соодветната фискална година.

Точка 23

Владата ја разгледа Информацијата за Енергетскиот биланс на Република Северна Македонија за 2025 година, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за донесување на Енергетскиот биланс на Република Северна Македонија за 2025 година.

Точка 24

Владата ја донесе Програмата за заштита на биолошката разновидност во сточарството од 2025 до 2031 година.

Точка 25

Владата ја донесе Програмата за спроведување на интервентен фонд за земјоделството за 2025 година.

Точка 26

Владата го разгледа Предлогот за поведување постапка за водење на преговори за склучување на Нацрт-договор меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Србија за воспоставување заеднички контроли на заедничкиот граничен премин за меѓународен патен сообраќај Табановце (Република Северна Македонија - Прешево (Република Србија), со текст на Нацрт-договор и го усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати Нацрт - договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Србија за воспоставување заеднички контроли на заедничкиот граничен премин за меѓународен патен сообраќај Табановце (Република Северна Македонија) - Прешево (Република Србија), како основа за водење на преговори (усогласен со Секретаријатот за законодавство).

2. Се задолжува шефот на Делегацијата и членовите на Делегацијата на Република Северна Македонија при водењето на преговорите да се придржуваат кон ставовите наведени во Предлогот за поведување постапка за водење на преговори за склучување на Нацрт - договор меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Србија за воспоставување заеднички контроли на заедничкиот граничен премин за меѓународен патен сообраќај Табановце (Република Северна Македонија) - Прешево (Република Србија).

3. Се овластува шефот на Делегацијата на Република Северна Македонија да го парафира текстот на Нацрт - договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Србија за воспоставување заеднички контроли на заедничкиот граничен премин за меѓународен патен сообраќај Табановце (Република Северна Македонија) - Прешево (Република Србија), како основа за водење на преговори, согласно утврдените насоки, доколку се постигне согласност на преговорите.

4. Се задолжува Делегацијата на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена по завршените преговори, да подготви и до Владата да достави писмен извештај за завршените преговори со усогласениот, односно парафираниот текст на Нацрт-договорот.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради учество на вежбата „SEVEN STARS 25", со Предлог-одлука и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради учество на вежбата„SEVEN STARS 25".

2. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт, Министерството за финансии – Царинска управа и Националниот координативен центар за гранично управување, а се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта, во координација со Министерството за одбрана да преземат мерки, согласно своите надлежности утврдени со закон, за непречено преминување на државната граница и ослободување од процедури за движење и транспорт на персонал и материјално - технички средства, на странските вооружени сили на земјите учеснички на територијата на Република Северна Македонија.

3. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт, Министерството за финансии – Царинска управа и Националниот координативен центар за гранично управување, а се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта, да одредат по едно лице за координација со Министерството за одбрана, во врска со преземање на активностите за подготовка за изведување на вежбата и за истото, во рок од три дена, да го известат Министерството за одбрана.

**Точка 28**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „VALIANT STRIKE (VAST) 25", во Република Романија.

**Точка 29**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „B-9/Balkan Forum 25, (BACSOT-25)", во Република Турција.

## Точка 30

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Центарот за развој на Вардарски плански регион.

## Точка 31

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Центарот за развој на Североисточен плански регион.

## Точка 32

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Центарот за развој на Скопски плански регион.

## Точка 33

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Центарот за развој на Пелагониски плански регион.

## Точка 34

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Центарот за развој на Полошки плански регион.

## Точка 35

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Центарот за развој на Југоисточен плански регион.

## Точка 36

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Центарот за развој на Југозападен плански регион.

## Точка 37

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Центарот за развој на Источен плански регион.

## Точка 38

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка на антитуберкулотици од прва линија за континуирана терапија на пациентите заболени со туберкулоза за период јуни 2025 – јуни 2027 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните 2025 и 2026 година на Министерството за здравство за набавка на антитуберкулотици од прва линија за навремено обезбедување на потребна терапија со цел да се спречи ширењето на туберкулозата кај населението за период од јуни 2025 - јуни 2027 година, во вкупна вредност од 10.799.620,47 денари со вклучен ДДВ, со следната динамика на плаќање:

- 4.399.690,38 денари во 2025 година и
- 6.399.930,09 денари во 2026 година.

2. Се задолжува Министерството за здравство потребните буџетски средства да ги утврди во рамките на обезбедените и планираните средства во соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветната фискална година.

**Точка 39**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за научно-истражувачката дејност за 2025 година.

**Точка 40**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Ученичкиот дом при Средно медицинско училиште на Град Скопје „д-р Панче Караѓозов", Скопје (режиски трошоци).

**Точка 41**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Јавната установа Ученички дом на Град Скопје „Здравко Цветковски" Скопје (режиски трошоци).

**Точка 42**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Кочо Рацин" Битола (режиски трошоци).

**Точка 43**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Томе Стефановски-Сениќ", Скопје (режиски трошоци).

**Точка 44**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Скопје" Скопје (режиски трошоци).

**Точка 45**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Пелагонија" Скопје (режиски трошоци).

**Точка 46**

Владата го одложи од разгледување Барањето за давање на автентично толкување на член 353 од Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17 и 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 36/23 и 188/23), поднесено од пратеникот Силвана Ангелевска, за наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за правда да подготви мислење во соработка со Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

**Точка 47**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Тито Беличанец и други од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.13/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 3 и член 18 од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.193/24) и притоа го утврди следното мислење:

Со предметната Иницијатива подносителот бара Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведе постапка за оценување на уставноста на член 3 и член 18 од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 193/24) и да донесе одлука со која ќе ги поништи или укине неуставните членови.

Согласно Иницијативата, со член 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, се врши измена во членот 37 во ставот (2) по зборот „претходи" се става запирка и се додаваат зборовите: „објавени од Државниот завод за статистика. Во случај кога порастот на трошоците на живот се со негативен предзнак, не се врши усогласување на пензијата.".

Според членот 18 од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување (1) одредбите од членот 37 од овој закон не се применуваат во период од 1 септември 2024 година до 31 август 2025 година. (2) На 1 септември 2024 година сите видови на пензии остварени согласно со овој закон заклучно со 31 август 2024 година се зголемуваат за 2.500 денари. (3) На 1 март 2025 година сите видови на пензии остварени согласно со овој закон заклучно со 28 февруари 2025 година се зголемуваат за 2.500 денари. (4) Заради примена на ставовите (2) и (3) на овој член, пензијата остварена во тековната

година претходно се сведува во месечен износ според порастот на нето платите од декември претходната година во однос на просечната нето-плата истата година.

Согласно Иницијативата, член 37 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, е спротивен на суштината на пензискиот систем, на уставните начела на член 8 став 1 алинеи 3 и 6, член 9 и член 30, а во врска со член 34 , член 51 и член 54 од Уставот на Република Северна Македонија, според кој граѓаните имаат правна заштита на сопственоста, се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување; имотната и општествената положба, правото на наследување, право на социјална сигурност и социјално осигурување утврдено со закон и колективен договор. Од оваа уставна одредба произлегува дека правата од областа на социјалното осигурување се утврдуваат со закон и со колективен договор.

Имајќи го предвид претходно наведеното, се смета дека усогласувањето на пензиите, согласно оспорениот член 3 и член 18 од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.193/24), не се врши драстично нарушување на финансиската стабилност на основниот концепт на пензискиот систем, како и методологијата по која се усогласуваа пензиите. Според постојното законско решение, зголемувањето на пензијата се врши согласно пропишаната Методологија, која зависи од збирот на порастот на просечната плата и порастот на трошоците на живот. Со Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, се врши дополнително зголемување на пензијата покрај редовното усогласување на пензијата со методологијата по која се усогласуваат пензиите. Со член 3 и член 18 од Законот за измени и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.193/24), се обезбедува зголемување на пензиите и зголемување на животниот стандард како и подобар и поквалитетен живот за пензионерите. Овие одредби се однесуваат на линеарното зголемување на пензиите кои обезбедуваат подобар животен стандард на пензионерите, подобрување на економскиот статус на граѓаните, како и економската состојба на државата. Истите ги преставуваат темелните вредности утврдени во Уставот на Република Северна Македонија, како што се: правната заштита на сопственоста и хуманизмот, социјалната правда и солидарноста, слободата на здружување заради остварување заштита на социјалните, културните и други права и уверувања.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 3 и член 18 од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.193/24).

<u>**Точка 48**</u>

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Мултиетничкиот синдикат Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.3/2025 за оценување на уставноста на член 40-а став 6 од Законот за служба во Армијата на Република

Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 193/15 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19, 275/19, 14/20, 171/22, 65/23, 14/24 и 30/24) и притоа го утврди следното мислење:

Наводите на подносителот на Иницијативата се неосновани, од причина што во Глава III. од Законот, со назив: „Прием на активен воен и цивилен персонал на служба во Армијата и избор и пополна со персонал на активната резерва", се уредуваат општите и посебните услови за прием на активен воен персонал на служба во Армијата, во кој влегуваат професионалните војници на служба во Армијата.

Според член 36 став (2) од Законот, по приемот на лице за професионален војник на служба во Армијата по пат на јавен оглас, со лицето, Министерството за одбрана склучува договор за работа во траење од три месеци, во кој период влегува основна војничка обука, а по чие успешно завршување со лицето се склучува договор за работа од четири години. Според член 30 став (1) од Законот, работен однос со Министерството за одбрана како активен воен и цивилен персонал на служба во Армијата, се заснова со склучување на договор за вработување во писмена форма.

Имајќи ги предвид горенаведените законски одредби, при склучување на договор за вработување на лице за професионален војник на служба во Армијата, лицето е свесно дека се вработува на определено време и доброволно го потпишува договорот за вработување.

Со доброволното засновање на работниот однос, под услови утврдени во Законот и Договорот за вработување, професионалните војници во текот на вршењето на службата во Армијата, ги имаат подеднакво сите права, како и останатиот активен воен персонал на служба во Армијата (офицери и подофицери) кои извршуваат служба во Армијата.

Исто така, професионалните војници во текот на вршење на служба во Армијата, може да бидат произведени во офицери и подофицери на Армијата, доколку ги исполнат општите и посебните услови од Законот, доколку завршат високо образование и стручно оспособување и усовршување за офицер, односно подофицер и доколку не надминуваат години на старост утврдени во Законот, со што имаат можност да го изменат својот статус, од вработени лица на определено време во вработени лица на неопределено време и може бидат унапредени во повисок чин според потребите на службата, ако се оцени дека со успех можат да вршат должности во повисок чин.

Заради социјално и економско обезбедување по престанокот на службата во Армијата, поради навршување на 45 години возраст на професионалните војници, Законот им дава право на избор помеѓу: да заснoваат работен однос на неопределено време без објавување на јавен оглас со преземање во органите на државната и локалната власт и други државни органи основани, согласно со Уставот и со закон, согласно со нивната стручна подготовка и лични способности, или на испратнина, во висина на двократен износ на просечната месечна нето-плата по работник во Републиката, објавена од Државниот завод за статистика до денот на исплатата, но не помалку од 1.000 евра во денарска противвредност, за секоја година помината на служба во Армијата.

Во однос на наводите на подносителот на Иницијативата, дека оспорениот став (6) на членот 40 е дискриминирачки и уценувачки во однос на сите останати граѓани на Република Северна Македонија, како и во однос на останатиот активен воен и цивилен персонал на служба во Армијата, се напоменува дека останатиот активен воен персонал на служба во Армијата - офицери и подофицери се лица кои засноваат работен однос под посебно утврдени услови и стручни квалификации за прием на служба во Армијата на неопределено време, и на кои работниот однос им престанува со остварување на право на пензија и испратнина по основ на заминување во пензија, според одредбите од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија.

Поистоветување на испратнината по основ на остварување на правото на пензија за активниот воен персонал, офицери и подофицери, кои службата во Армијата ја вршеле со засновање на работен однос на неопределено време, со испратнината за професионалните војници по завршување на договор за вработување на определено време по навршување на 45 години возраст е беспредметно, од причина што категориите на вработени и основата за исплата на испратнините се различни. На професионалните војници по навршување на 45 години, испратнината им се исплатува заради материјално и социјално обезбедување, до остварување на правото на пензија според закон.

Наводите на подносителот на Иницијативата, дека со оспорената одредба од Законот, се прекршуваат правата на граѓаните од член 32 од Уставот, се неточни, од причина што, сите услови од наведениот член се исполнети. Професионалните војници се вработуваат во Армијата доброволно, склучуваат договор на определено време, за време на работниот однос имаат права од работен однос согласно Законот, а по истекот на Договорот за вработување имаат можност за ново вработување, или на испратнина, како материјална обезбедување за време на привремена невработеност, се до исполнување на условите за пензија, дотолку повеќе што со Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија и со ниту еден друг закон, не им е недостапно вработувањето во јавниот и приватниот сектор во Републиката.

Целта која сакал да ја постигне законодавецот со оспорената одредба е, материјално да ги обезбеди овие категории на лица, до времето до повторно засновање на работен однос во државните и општинските органи, бидејќи со повторно засновање на работен однос истите започнуваат да користат средства од Буџетот на Републиката, односно да им овозможи материјално обезбедување заради привремена невработеност, земајќи го предвид фактот дека оваа категорија на лица се на возраст на која не можат да остварат право на пензија според закон.

Согласно наведеното, Владата на Република Северна Македонија, цени дека наводите во Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 40 став (6) од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 193/15 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19, 275/19, 14/20, 171/22, 65/23, 14/24 и 30/24) се неосновани, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија, да не поведе постапка за оценување на уставноста на оспорената одредба.

## Точка 49

Владата ја разгледа Иницијативата од Зоран Салтамарски, потполковник во пензија, од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под УЗ бр. 1/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за престанување на важење на Одлуката за прифаќање на старешините на ЈНА, воените службеници и граѓанските лица на служба во ЈНА од страна на Република Македонија, бр. 19-8426/1 од 26.12.2007 година, објавена во Службен весник на Република Македонија број 158/2007 и притоа го утврди следното мислење:

Според наводите на подносителот на Инцијативата, Одлуката за прифаќање на старешините на ЈНА, воените службеници и граѓанските лица на служба во ЈНА од страна на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 3/92), немала еднаква применливост на сите вработени во Армијата на Република Македонија, како што е тој, односно не било решено неговото станбено прашање по прифаќањето од страна на државата и вклучување во нејзиниот правен систем, како што било случај за поголемиот број на прифатени припадници на Армијата.

Се смета дека согласно член 110 од Уставот на Република Северна Македонија, Уставниот суд на Република Северна Македонија треба да одлучи по Иницијативата, во смисла на член 52 од Уставот според кој, законите и другите прописи не можат да имаат повратно дејство, освен по исклучок, во случаи кога тоа е поповолно за граѓаните.

Наводите на подносителот на Иницијативата се неосновани, од следниве причини:

Во член 2 од Одлуката за прифаќање на старешините на ЈНА, воените службеници и граѓанските лица на служба во ЈНА од страна на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 3/92), е предвидено дека прифаќањето на старешините на ЈНА, воените службеници и граѓанските лица на служба во ЈНА подразбира, нивно вработување, пензиско и инвалидско осигурување, здравствена заштита и решавање на станбеното прашање, доколку го немаат решено во Република Македонија, а според член 4 од истата одлука, се задолжуваат: „Министерството за народна одбрана, Министерството за финансии, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство и Министерството за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија, да ја реализираат оваа одлука.".

Одлуката за прифаќање на старешините на ЈНА, воените службеници и граѓанските лица на служба во ЈНА од страна на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 3/92), престанува да важи со донесување на Одлуката за престанување на важење на Одлуката за прифаќање на старешините на ЈНА, воените службеници и граѓанските лица на служба во ЈНА од страна на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/07).

Владата на Република Северна Македонија цени дека наводите во Иницијативата се неосновани во целост, од причина што Одлуката за прифаќање на старешините на ЈНА, воените службеници и граѓанските лица на служба во ЈНА од страна на Република

Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 3/92), ја исполнила целта заради која била донесена од страна на Владата, односно надлежните органи на државната управа од членот 4 на истата ги исполниле своите задолженија од одлуката, по што Владата одлучила дека настанале услови за престанок на важење на истата и донела Одлука за престанување на важење на Одлуката за прифаќање на старешините на ЈНА, воените службеници и граѓанските лица на служба во ЈНА од страна на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/07).

Од овие причини, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија, да не поведе постапка за оценување на уставноста односно законитоста на Одлуката за прифаќање на старешините на ЈНА, воените службеници и граѓанските лица на служба во служба во ЈНА од страна на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 3/92).

<u>Точка 50</u>

Владата ја разгледа Иницијативата од адвокат Александра Илиева Милчова од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.5/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 9 став 1 во делот „на правосилноста“, член 9 став 2 во делот „на правосилната“, член 9 став 3 во делот „за правосилни“ и член 9 став 4 во делот „без образложение“ од Законот за управување со движењето на предметите во судовите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20) и притоа го утврди следното мислење:

Подносителот на Иницијативата пред Уставниот суд на Република Северна Македонија предлага да се поведе постапка за оценување на уставноста на член 9 став 1 во делот „на правосилноста“, член 9 став 2 во делот „на правосилната“, член 9 став 3 во делот „за правосилни“, член 9 став 4 во делот „без образложение“ од Законот за управување со движењето на предметите во судовите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20), кој гласи:

„Објавување на правосилни судски одлуки на веб страницата на судот
Член 9

(1)Овластениот судски службеник на првостепениот суд е должен во рок од седум дена од денот на правосилноста на судската одлука, односно од денот на доставување на одлуката од страна на повисокиот суд, да ја објави на веб-страницата на судот со име и презиме на странките, односно називот на правното лице, при што се анонимизира адресата на живеалиште, односно престојувалиште или седиштето на странките, единствениот матичен број на граѓанинот или единствениот матичен број на субјектот на упис и личните податоци на сведоците и оштетените во постапката.
(2)Овластениот судски службеник на повисокиот суд е должен во рок од седум дена од денот на верификацијата на правосилната судска одлука да ја објави на веб-страницата на судот.
(3)Автоматизираниот систем генерира податоци за правосилни судски одлуки кои се објавуваат на веб-страницата на судот.

(4)Во случаите кога јавноста е исклучена согласно со Уставот на Република Северна Македонија, законот и ратификуваните меѓународни договори во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, судските одлуки без образложение се објавуваат на веб-страницата на судот...".

Се укажува дека подносителот претходно има поднесено иницијатива У.бр.208/24 со иста содржина, но за член 99 став (5) во делот „правосилни“ од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“, бр. 58/06, 62/06, 35/08, 150/10, 83/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19), по која Владата позитивно се произнесе, со барање судот да го укине делот „правосилни“ во член 99 став (5) од Законот за судовите.

Во своето претходно дадено позитивно мислење за потребата од објавување на неправосилните судски одлуки, Владата укажува дека аргументот за презумпција на невиност и начелото дека „никој не може да биде прогласен за виновен додека не е осуден со правосилна судска одлука" се побива со аргументот од постојните законски одредби кои овозможуваат анонимизација на одлуките, дури и кога се работи за одлуки со исклучена јавност.

Судот, секогаш треба да внимава при анонимизација на неправосилните одлуки, особено кога се работи за помало место или познат случај, анонимизацијата да биде извршена на таков начин да не може да се препознае сторителот и однапред да биде цел на осудување од јавноста. Во спротивно, судот би сторил повреда на право на странката.

Од овие причини, Владата на Република Северна Македонија смета дека оспорениот дел во член 9 став 1 „правосилноста“, во член 9 став 2 во делот „правосилната“, член 9 став 3 во делот „правосилни“ од Законот за управување со движењето на предметите во судовите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20), не се во согласност со одредбите од Уставот на Република Северна Македонија, поради што му се предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да се усвои овој дел од Иницијативата за оценување на уставноста и да се укине во член 9 став 1 делот „правосилноста“, член 9 став 2 во делот „правосилната“ и член 9 став 3 во делот „правосилни“ од Законот за управување со движењето на предметите во судовите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20).

Во однос на оспорениот дел „без образложение" во член 9 став 4 од Законот за управување со движењето на предметите во судовите, Владата укажува дека при исполнетост на законските причини за исклучување на јавноста, неправосилните одлуки треба да се објавуваат без образложение, со посебна анонимизација.

Подносителот на Иницијативата нема доставено доволно аргументи за укинување на овој дел од одредбата во член 9 ставот 4 на Законот за управување со движењето на предметите во судовите.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека оспорената одредба од член 9 став 4 во делот „без образложение“ од Законот за управување

со движењето на предметите во судовите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20) е во согласност со одредбите од Уставот на Република Северна Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли Иницијативата за оценување на уставноста на член 9 став (4) во делот „без образложение" од Законот за управување со движењето на предметите во судовите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20).

## Точка 51

Владата ја разгледа Иницијативата од Сали Мурати, пратеник од Европскиот фронт во Собранието на Република Северна Македонија, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.2/2025 за поведување на постапка за оценување на уставноста на автентичното толкување на член 39 став (3) и член 45 став (4) од Законот за надворешни работи („Службен весник на Република Македонија" бр.46/06, 140/07, 107/08, 131/08, 26/13, 39/14, 61/15 и 225/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 267/24) и притоа го утврди следново мислење:

Наводите во Иницијативата се неосновани и толкувањата воопшто не создаваат нови правни норми, туку истите ја појаснуваат содржината на двата конкретни постоечки членови од Законот за надворешни работи (ЗНР).

1. Во член 39 став (3) од Законот за надворешни работи е наведено дека: „По завршинот разговор кандидатот за амбасадор ги презентира своите согледувања за односите со државата на приемот или меѓународната организација пред работното тело на Собранието, надлежно за надворешна политика".

Членот 39 во став (3) укажува дека по завршниот разговор кандидатот за амбасадор ги презентира своите согледувања за односите со државата на приемот или меѓународната организација пред работното тело на Собранието, надлежно за надворешна политика, што јасно укажува на императивност а не факултативност, односно не вели може да ги презентира,туку „ги презентира".

Во сите досегашни упатувања на амбасадори (се до прекршувањето на одредбата) никогаш не било прашање дали треба или не треба да се презентираат согледувањата за односите со државата на приемот или меѓународната организација пред работното тело на Собранието, туку презентирањето секогаш било задолжително и во пракса спроведувано. Интерпретирањето на нормата како факултативна се манифестира во текот на изминатите неколку (2-3) години наназад во одредени случаи, што е спротивно од наводите на подносителот на Иницијативата за ретроактивно менување на законските одредби и измена на законодавната постапка.

2. Во член 45 став (4) е пропишано дека:
„Иницијатива за отповикување на амбасадорот може да покрене и Владата, по барање на министерот".

Цитираниот став претставува дополнителна можност за покренување иницијатива од страна на Владата за отповикување на амбасадорот - по барање на министерот. Ова е посебен услов, јасно издвоен од претходните наведени алинеи во ставот 1 во кој таксативно се утврдени условите за траење на мандатот пократко од четири години доколку се исполнат условите од став 1 алинеи 1,2,3 и 4. Идејата на законодавецот е јасна но повторно поради различно и неправилно интерпретирање на нормата, дадено е автентичното толкување од страна на Министерството. Автентичното толкување се третира како дел од правната норма која ја толкува, а спроведувањето на законските прописи претставува императив.

Спроведувањето на законските прописи во никој случај не претставува нарушување на правната сигурност и владеење на правото, како што тврди подносителот на Иницијативата.

Наводите на подносителот на Иницијативата за оценување на уставноста на автентичните толкувања на посочените членови од Законот за надворешни работи дека „оспорените автентични толкувања навлегуваат во надлежностите на извршната власт", Владата секогаш при именување и отповикување на амбасадори се повикува на спроведување на Законот за надворешни работи и останатите позитивни прописи.

Со оглед дека наводите во Инцијативата за оценување на уставноста на автентичните толкувања на член 39 став (3) и член 45 став (4) од Законот за надворешни работи се паушални, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата од Сали Мурати, пратеник од Европскиот фронт во Собранието на Република Северна Македонија, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.2/2025 за поведување на постапка за оценување на уставноста на автентичното толкување на член 39 став (3) и член 45 став (4) од Законот за надворешни работи („Службен весник на Република Македонија" бр.46/06, 140/07, 107/08, 131/08, 26/13, 39/14, 61/15 и 225/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 267/24), односно да донесе решение за неповедување постапка за оценување на уставноста на оваа одредба од Законот.

**<u>Точка 52</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под УЗ.бр.7/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на членот 8 став 2 алинеи 1, 2 и 3 во делот „Комисија" и членот 9 во делот „Комисија" од Одлуката за условите за распределба и користење на средства за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, бр.50-315/3 од 14.1.2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.11/25) и притоа го утврди следното мислење:

Наводите во поднесената Иницијатива кои се однесуваат на околноста дека со членот 49, став 2 од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија" бр.52/10, 135/11, 55/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.239/22) „не се допушта со подзаконски акт да се предвиди комисија или друг орган кој ќе врши распределба на буџетските средства, а заради користење на средства за финансирање на

програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, а со предметната (сега оспорена) Одлука се утврдува комисија за распределба на средствата и на тој начин се доведува во прашање начелото на владеење на правото што во себе ја содржи правната сигурност, се целосно неосновани и неточни.

Имено, Уставот на Република Северна Македонија во членот 8 ги дефинирана темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија, а во ставот 2 од истиот член е дефинирано дека „Во Република Северна Македонија слободно е се што со Уставот и закон не е забрането".

Подносителот на Иницијативата нагласува дека во членот 49, став 2 од Законот за здруженија и фондации не се допушта со подзакоснки акт да се предвиди комисија или друг орган кој ќе врши распределба на буџетските средства, навод и констатација кои не се точни. Ова од причина што членот 49, став 2 од Законот за здруженија и фондации јасно и недвосмислено дефинира дека:

„(2) Владата на Република Македонија и советите на општините, советите на општините во Градот Скопје и Советот на Градот Скопје поблиску ги уредуваат условите за распределба и користење на средствата од ставот (1) на овој член.".

Посочената законска одредба не предвидува забрана ниту ограничување во уредување на условите за распределба и користење на средствата кои организациите можат да ги добијат од Буџетот на Република Северна Македонија.

По дефиниција, законот претставува правен пропис, нормативен акт, донесен од надлежен орган на државата, со кој нешто се определува, се уредува.

Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.59/00, 26/01, 13/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/19), дел IX Акти на Влада, во членовите 35 и 36 е дефинирано кои подзаконски акти ги донесува Владата со цел извршување на законите.

Во членот 36, став 3 е дефинирано дека:

(3) Со одлука Владата одлучува за одделни прашања и мерки за извршување на законите; основа стручни и други служби за своите потреби и заеднички служби за потребите на Владата и на министерствата и другите органи на државната управа.

Во членот 36, став 5 е дефинирано дека:

(5) Со програма се утврдуваат одделни прашања од надлежност на Владата за кои е потребно утврдување на динамика и рокови. Програмата содржи и финансиски план за нејзината реализација.

Одлуката за условите за распределба и користење на средствата за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, бр.50-315/3 од 14.1.2025 година, е донесена врз основа на дел VII Средства за работа на организациите, точка 2 Средства од буџетите, член 49, став 2 од Законот за здруженија и фондации.

Одлуката како подзаконски акт ги прецизира и поблиску ги уредува условите за распределба и користење средства за финансирање на програмските активности, дефинира кои здруженија и фондации можат да бидат корисници на средствата, ги утврдува посебните критериуми по кои ќе се врши проценка на квалитетот на проектите доставени од здруженијата и фондациите.

Одлуката во членот 5 се повикува на подзаконскиот акт - Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации („Службен весник на Република Македонија“ бр.130/07). Во Одлуката исто така е дефинирано дека распределбата на средствата ќе се врши врз основа на јавен повик и ги дефинира условите, начинот, местото на објавување на јавниот повик, понатаму дефинира комисија која ќе одлучува за распределбата на средствата и го утврдува составот на комисијата, поточно дефинира членови на комисијата, претставници од министерствата како дел од највисоката државна администрација под управа на министер, секретаријат, совет и агенции во својство на органи на Влада.

Владата, во својство на носител на извршната власт, преку министерствата, секретаријатот, советот и агенцијата ќе учествува во распределбата на буџетските средства и ќе го следи процесот на реалзиација на проектите преку Извештаи за реализирани програмски активности, односно Извештај за користењето на средствата, кои здруженијата и фондациите ги доставуваат до Министерството за односи меѓу заедниците, кое пак изготвува и доставува Извештај до Владата на Република Северна Македонија за користењето на распределените средства и за постигнатите резултати од поддржаните активности на здруженијата и фондациите.

Владата преку комисијата пред се обезбедува транспарентно работење, што значи одговорно работење на институциите на системот и не му дава дискреционо право на министерот самостојно да одлучува за распределба на финансиски средства на министерството од Буџетот на Република Северна Македонија.

За таа цел, Владата со Одлуката, покрај другото, утврдува формирање Комисија од стручни и компетентни лица од институциите, на начин што секоја од надевените институции номинира свој претставник за член во комисијата.

Врз основа на усвоената Одлука, а согласно член 49, став 3 од Законот за здруженија и фондации, Владата усвои Програма за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2025 година, бр.50-871/5 од 11.2.2025 година, со која програма ги утврдува динамиката и роковите, како и финансискиот план за реализација на програмата.

Врз основа на одредбите од Законот за здруженија и фондации се донесени следните подзаконски акти:

• Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации („Службен весник на Република Македонија" бр.130/07).
• Одлуката за условите за распределба и користење на средствата за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година бр.50-315/3 од 14.1.2025 година.
• Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2025 година, бр.50-871/5 од 11.2.2025 година.

Донесените акти за распределба на буџетските средства на здруженија и фондации се донесени врз основа и во согласност со член 51 од Уставот на Република Северна Македонија, кој дефинира дека „во Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон.

Врз основа на горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на членот 8 став 2 алинеи 1, 2 и 3 во делот „Комисија" и членот 9 во делот „Комисија" од Одлуката за условите за распределба и користење на средства за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, бр.50-315/3 од 14.1.2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.11/25).

<u>Точка 53</u>

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.17/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 177-г став 2 во делот „именувани од министерот" и член 177-г став 10 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22 и 17/25) и притоа го утврди следното мислење:

Наводите во Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 177-г став (2) во делот „именувани од министерот" и член 177-г став 10 од Законот за заштита на децата, се неиздржани и неосновани во целост.

Посочената одредба не е во несогласност со Уставот на Република Северна Македонија.

Со оспорената одредба од членот 177-г став (2) од Законот за заштита на децата, согласно кој „прашањата од првиот дел од испитот и прашањата и практичните примери во вториот дел од испитот ги верификува Комисија за верификација на прашања составена од пет члена и тоа двајца претставници од Министерството, еден професор од факултет или институт за општествено хуманистички науки именувани од министерот, еден претставник од репрезентативниот синдикат и еден претставник од Бирото за развој на образованието." и

со оспорената одредба од член 177-г став (10) од Законот за заштита на децата согласно кој „На административните лица од ставот (9) на овој член, за секоја одржана испитна сесија им следува месечен паричен надоместок, во износ од една третина од просечната нето-плата во Република Северна Македонија, за што министерот донесува решение." не се повредуваат темелните вредности на уставниот поредок на државата и тоа: владеењето на правото од член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, бидејќи согласно член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа, министерот донесува правилници, наредби, упатства, планови, програми, решенија и други видови акти за извршување на законите и други прописи, кога за тоа е овластен со закон.

Согласно, напред наведената одредба, право на доносителот на законот е да утврди начин на кој се формираат базите на прашања за првиот и базите на практичните примери за вториот дел од испитот, со формирање на комисија за верификација на прашања, составена од пет члена и тоа двајца претставници од Министерството, еден професор од факултет или институт за општествено хуманистички науки именувани од министерот, еден претставник од репрезентативниот синдикат и еден претставник од Бирото за развој на образованието. Имајќи ја предвид специфичноста на работата на комисијата за верификација, законодавецот утврдил дека нејзините членови треба да бидат вработени лица од институции кои можат да дадат најголем придонес по однос на формирањето на базите на прашања за полагање на стручниот испит за стекнување на лиценца за работа, при што од страна на Министерството се испраќа барање за номинации до раководното лице на сите релевантни институции, а потоа врз основа на истите се формира комисија за верификација, со надлежности утврдени во Законот за заштита на децата.

Во таа насока, со Законот за заштита на децата се уредува и на административните лица за секоја одржана испитна сесија да им следува месечен паричен надоместок, во износ од една третина од просечната нето - плата во Република Северна Македонија. Во Министерството за социјална политика, демографија и млади, нема формирано посебна организациона единица која има надлежност – професионален развој на директорите и вработените во установите за згрижување и воспитание на деца. Постапката за стекнување со лиценца на директорите и вработените во установите за згрижување и воспитание на деца ја спроведува Комисија за лиценцирање, формирана со решение донесено од министер. Административното лице од член 177-г став (10) од Законот за заштита на децата ги врши сите административни работи на Комисијата за лиценцирање (од прием на барање за стекнување со лиценца, испраќање на дописи, изработка на записници од работа на комисијата, доставување на лиценца, чување на архивскиот материјал, водење на евиденции) и тие работни задачи не се утврдени во ниту едно работно место во Правилникот за систематизација на работните места на Министерството за социјална политика, демографија и млади. Со оглед дека обемот на извршување на тие работни задачи е во поголем обем, утврден е надоместокот во член 177-г, став (10) од Законот за заштита на децата.

Од наведените причини, Владата на Република Северна Македонија смета дека предметната Иницијативата е неоснована, а оспорените одредби од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна

Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22 и 17/25) не се во несогласност со член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати предметната иницијатива.

Точка 54

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.11/2025 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 23-а став 1 во делот „Законот за игри на среќа" и член 23-а став 5 во делот „Критериумите" од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија" бр.29/02, 66/04, 83/05, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 52/19, 98/19, 244/19, 53/24, 74/24, 170/24 и 59/25) и притоа го утврди следното мислење:

Во поднесената Иницијатива се наведува дека согласно членот 23-а став 1 од Законот за спорт „надоместоците за спорт утврдени во членовите 79 став 2 и 94 став (2) од Законот за игри на среќа се уплатуваат на посебна наменска сметка на националните спортски федерации и на спортските клубови. Понатаму се наведува дека Законот за игри на среќа не постоел во правниот промет на Република Северна Македонија и истиот создавал забуна во неговата примена, што е во спротивност со уставното начело за владеење на правото.

По разгледување на текстот на Законот за игрите на среќа и за забавните игри, со сите измени и дополнувања, објавени во „Службен весник на Република Северна Македонија“ се констатира дека истиот е во примена, односно не е донесен нов закон со кој цитираниот закон е ставен вон сила.

Согласно наведеното, се укажува дека не е точна констатацијата дека Законот за игри на среќа е надвор од правниот промет што би било спротивно на уставното начело за владеење на правото.

Понатаму во Иницијативата, се укажува дека во членот 23-а став 5 „Критериумите за определување на врвен тренер, односно врвен активен спортист поблиску се уредуваат со подзаконски акт кој го донесува функционерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот.“.

Подносителот на Иницијативата укажува дека не е дозволено со подзаконски акт да се уредуваат критериуми за определување на тоа што е „врвен тренер, односно врвен спортист".

Во членот 23-а став 4 од Законот за спорт се дадени основните критериуми за определување на врвен тренер, односно спортист. Имено се вели дека „Врвен тренер од ставот 2 алинеја 3 на овој член, односно врвен активен спортист од ставот 2 алинеја 6 на овој член е тренер, односно спортист кој исполнува критериуми особено во поглед на број на освоени титули во домашно првенство и најдобри домашни и меѓународни резултати во соодветниот спорт.“.

Со конкретната одредба законодавецот неспорно ги определил основните критериуми за определување на врвен тренер, односно врвен спортист при тоа оставајќи истите да бидат детално разработени со подзаконски акт.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 23-а став 1 и став 5 од Законот за спорт („Службен весник на Република Македонија" бр.29/02, 66/04, 83/05, 81/08, 18/11, 64/12, 148/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 52/19, 98/19, 244/19, 53/24, 74/24, 170/24 и 59/25, односно да донесе решение за неповедување постапка за оценување на уставноста на горенаведениот член од Законот за спорт.

**Точка 55**

Владата ја разгледа Иницијативата од Новица Наков од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.267/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 40 и член 41 од Законот за вршење на сметководствени работи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 173/22 и 47/25) и притоа го утврди следното мислење:

Подносителот на Иницијативата наведува дека во членот 16 од Законот за вршење на сметководствени работи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 173/22 и 47/25), не е предвидена надлежност на Институтот за одземање на уверенијата за сметководител, односно за овластен сметководител, а во членот 41 од Законот е предвидена дисциплинска мерка бришење од соодветниот регистар и одземање на уверението за сметководител, односно за овластен сметководител.

Со Законот за вршење на сметководствени работи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 173/22 и 47/25) се уредуваат условите на вршење на сметководствени работи, субјектите кои вршат сметководствени работи, условите за стекнување со статус сметководител и овластен сметководител, организацијата и работењето на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија и други прашања кои се однесуваат на вршењето на сметководствените работи.

Согласно член 15 став (2) од Законот уредено е дека, заради вршење на работите од својот делокруг Институтот меѓу другите комисии формира и дисциплинска комисија. Начинот на работа на дисциплинската комисија поблиску го утврдува Управниот одбор на Институтот, согласно член 37 став (11) од Законот.

Имено, дисциплинска постапка против сметководител, односно овластен сметководител согласно член 37 ставови (1), (2) и (3) од Законот, води и дисциплински мерки изрекува дисциплинска комисија формирана при Институтот на сметководители и овластени сметководители. Составена е од пет члена кои на предлог на Управниот одбор ги избира Собранието на Институтот.

Дисциплинската комисија при изрекување на дисциплинска мерка за сторена повреда, ги зема предвид тежината на повредата, последиците од повредата, степенот на одговорност на сторителот, околностите под кои е сторена повредата и други олеснителни и отежнувачки околности.

Согласно член 37 став (8) од Законот, дисциплинската комисија за сторена дисциплинска повреда освен јавна опомена и парична казна како дисциплинска мерка може да изрече и времено бришење од соодветниот регистар на Институтот, како и бришење од соодветниот регистар на Институтот и одземање на уверението за сметководител, односно за овластен сметководител.

Доколку дисциплинската комисија утврди дека физичкото лице вршител на сметководствени работи има сторено дисциплинска повреда, комисијата е должна во рок од 30 дена од денот на поднесеното барање за поведување на дисциплинска постапка да донесе решение со кое на лицето за сторената дисциплинска повреда му се изрекува соодветна дисциплинска мерка (член 37 став (6) точка 3) од Законот). Решението донесено во дисциплинската постапка го извршува претседателот на Институтот, истото се запишува во соодветниот регистар на Институтот и во рок од 48 часа се објавува на веб-страницата на Институтот, согласно член 44 став (1) од Законот.

Имајќи ги предвид одредбите од член 21 став (2) точки 1) и 6) од Законот, претседателот на Институтот меѓу другото го претставува и застапува Институтот и ја извршува одлуката, односно решението донесено во дисциплинската постапка.

Согласно горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија, укажува дека не постои меѓусебна неусогласеност на одредбите од Законот за вршење на сметководствени работи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 173/22 и 47/25) и не постои повреда на член 8 став (1) алинеја 3 и член 9 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија во целост да ја отфрли Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 40 и член 41 од Законот за вршење на сметководствени работи, како неоснована, односно да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на овие членови од законот.

## Точка 56

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сања Бозоска од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.65420, за КО Волково, на КП бр.609, викано место/улица „ул.102“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје.

## Точка 57

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сихана Зибери од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.784 за КО Горно и Долно Оризари, на КП бр.455/2, викано место/улица „Поле" и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и мислењата на Државното правобранителство на Република Северна Македонија и Агенцијата за катастар на недвижности.

## Точка 58

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сихана Зибери Шабани од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.784, за КО Горно и Долно Оризари, на КП бр.355/1, викано место/улица „Крст" и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и мислењата на Државното правобранителство на Република Северна Македонија и Агенцијата за катастар на недвижности.

## Точка 59

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сихана Зибери Шабани од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.1355, за КО Горно и Долно Оризари, на КП бр.562/2, викано место/улица „Брест" и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и Мислењето на Државното правобранителство на Република Северна Македонија.

## Точка 60

Владата ја разгледа Понудата од нотар Елена Пенџерковски од Скопје за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.2717, за КО Јурумлери, на КП бр.687/9, викано место/улица „Село" и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за транспорт.

## Точка 61

Владата ја разгледа Понудата од нотар Оливера Пешиќ од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.3193, за КО Кисела Вода 1, на КП бр.2275, викано место/улица „Димо Хаџи Димов" и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје.

## Точка 62

Владата ја одложи од разгледување  Понудата од нотар Владимир Голубовски од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.21624, за КО Кучково, на КП бр.4049/1 и КП бр.4049/2, викано место/улица „Бунариште“, поради потребата Министерството за транспорт да достави мислење по истата.

## Точка 63

Владата ја разгледа Понудата од нотар Иљхам Исмани од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.1630, за КО Визбегово, на КП бр.755/3, викано место/улица „Село“ и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

## Точка 64

Владата ја разгледа Понудата од нотар Мартин Божиновски од Куманово, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.9312, за КО Куманово, на КП бр.18479/1 и КП бр.18479/3, викано место/улица „Т. Георгиев“ и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

## Точка 65

Владата ја разгледа Понудата од нотар Мартин Божиновски од Куманово за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.9312, за КО Куманово, на КП бр.18479/1 и КП бр.18479/3, викано место/улица „Т. Георгиев“ и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

## Точка 66

1. Владата го разреши Емил Јанески од должноста вршител на должноста директор на Казнено поправна установа Казнено поправен дом Прилеп.

2. Владата го именува Емил Јанески  за директор на Казнено поправна установа Казнено поправен дом Прилеп, на предлог на директорот на Управата за извршување на санкции и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

3. Владата го разреши Диме Наумчески од должноста вршител на должноста заменик на директорот на Казнено поправна установа Казнено поправен дом Прилеп.

4. Владата го именува Диме Наумчески за заменик на директорот на Казнено поправна установа Казнено поправен дом Прилеп, на предлог на директорот на Управата за извршување на санкции и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

5. Владата го разреши Оливер Цветковски од должноста вршител на должноста директор на Казнено поправна установа Затвор Куманово со отворено одделение во Крива Паланка.

6. Владата го именува Оливер Цветковски за директор на Казнено поправна установа Затвор Куманово со отворено одделение во Крива Паланка, на предлог на директорот на Управата за извршување на санкции и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

7. Владата го разреши Иљбер Незири од должноста вршител на должноста заменик на директорот на Казнено поправна установа Затвор Куманово со отворено одделение во Крива Паланка.

8 .Владата го именува Иљбер Незири за заменик на директорот на Казнено поправна установа Затвор Куманово со отворено одделение во Крива Паланка, на предлог на директорот на Управата за извршување на санкции и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

9. Владата го разреши Александар Јовковски од должноста вршител на должноста директор на Казнено поправна установа Затвор Битола.

10. Владата го именува Александар Јовковски за директор на Казнено поправна установа Затвор Битола, на предлог на директорот на Управата за извршување на санкции и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

11. Владата го разреши Зоран Ристов од должноста вршител на должноста директор на Казнено поправна установа Затвор Струмица.

12. Владата го именува Зоран Ристов за директор на Казнено поправна установа Затвор Струмица, на предлог на директорот на Управата за извршување на санкции и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

13. Владата го разреши Ардит Мустафаи од должноста вршител на должноста директор на Казнено поправна установа Казнено поправен дом од отворен вид Струга.

14. Владата го именува Ардит Мустафаи за директор на Казнено поправна установа Казнено поправен дом од отворен вид Струга, на предлог на директорот на Управата за извршување на санкции и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

15. Владата го разреши Бобан Утковски од должноста вршител на должноста директор на Казнено поправна установа Затвор Скопје.

16. Владата го именува Бобан Утковски за директор на Казнено поправна установа Затвор Скопје, на предлог на директорот на Управата за извршување на санкции и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

17. Владата ја разреши Јелена Пеева од должноста вршител на должноста заменик на директорот на Државниот завод за индустриска сопственост.

18. Владата ја именува Јелена Пеева за заменик на директорот на Државниот завод за индустриска сопственост и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

19. Владата го разреши Иљбер Имери од должноста вршител на должноста заменик на директорот на Управата за финансиска полиција, орган во состав на Министерството за финансии.

20. Владата го именува Иљбер Имери за заменик на директорот на Управата за финансиска полиција, орган во состав на Министерството за финансии и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата и зголемување за 30% на платата.

21. Владата ја разреши Билјана Стефаноска од должноста вршител на должноста директор на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот.

22. Владата ја именува Билјана Стефаноска за директор на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

23. Владата го разреши Роберт Аџипетров од должноста вршител на должноста директор на Педагошката служба, орган во состав на Министерството за образование и наука.

24. Владата го именува Роберт Аџипетров за директор на Педагошката служба, орган во состав на Министерството за образование и наука и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

25. Владата го разреши Мевљан Морина од должноста вршител на должноста заменик на директорот на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

26. Владата го именува Мевљан Морина за заменик на директорот на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

27. Владата ја именува Даниела Јовчевска Михајловска за директор на Државниот испитен центар, досегашен вршител на должноста директор на Центарот.

28. Владата го именува Али Абдула за заменик на директорот на Државниот испитен центар, досегашен вршител на должноста заменик на директорот на Центарот.

29. Владата ја разреши Билјана Димитрова од должноста вршител на должноста директор на Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствените установи.

30. Владата ја именува Билјана Димитрова за директор на Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствените установи и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

31. Владата врз основа на член 105 став (3) од Законот за домување („Службен весник на Република Македонија" бр. 99/09, 57/10, 36/11, 54/11, 13/12, 55/13, 163/13, 42/14, 199/14, 146/15, 31/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 302/20, 150/22 и 224/24), заклучи да му предложи на Собранието на Република Северна Македонија за член на Регулаторната комисија за домување да го именува Никола Затуроски.

32. Владата врз основа на член 50 став (3) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 29/02, 85/03, 40/04, 113/05, 29/07, 88/08, 48/09, 81/09, 50/10, 171/10, 36/11, 98/12, 13/13, 164/13, 44/14, 192/15, 30/16, 21/18, 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 180/19 и 103/21), заклучи да му предложи на Собранието на Република Северна Македонија да го разреши Максуд Али од должноста претседател на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, а за претседател професионално ангажиран во Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување да го именува Ремзи Бајрами.

33. Владата на предлог на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија заклучи, на веб-страницата на Владата на Република Северна Македонија и на веб-страницата на Јавното претпријатие, да објави Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на Управниот одбор и Надзорниот одбор во Јавното претпријатие основано од Владата и тоа:

- 6 (шест) члена на Управниот одбор на Јавното претпријатие Национална радиодифузија-Скопје и
-5 (пет) члена на Надзорниот одбор на Јавното претпријатие Национална радиодифузија-Скопје.

34. Владата на предлог на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија заклучи, на веб-страницата на Владата на Република Северна Македонија и на веб-страницата на Јавното претпријатие, да објави Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на Управниот одбор во Јавното претпријатие основано од Владата и тоа:

- 1 (еден) член на Управниот одбор на Јавно претпријатие Железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје.

35. Владата формира Комисија за селекција за избор на членови на управен одбор и членови на надзорен одбор за контрола на материјално – финансиското работење на Јавното претпријатие Национална радиодифузија Скопје, во следниот состав:

- Благоја Ташаминов- претседател и
- Анета Стојановска- заменик претседател,
од редот на вработените во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија,

- Марија Апостолова Николовска- член и
- Дејан Герасимовски - заменик член ,
од Секторот за човечки ресурси во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија,

- Надица Апостоловска - член и
- Македонка Тимова -заменик член,
од редот на вработените во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија,

- Шиќири Коруми – член и
- Љупчо Камчев - заменик член,
од редот на вработените во Јавното претпријатие Национална радиодифузија Скопје,

- Кристина Чулева – член и
- Куштрим Јакупи- заменик член.

36. Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас кој се објавува во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат е на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за избор на 1 (еден) професионално ангажиран комисионер - претседател на Комисијата за хартии од вредност.

37. Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат е на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на заменик директор на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации.

38. Владата од должноста членови на Училишниот одбор-претставници на основачот на Државно училиште за рехабилитација на деца и младинци со оштетен вид „Димитар Влахов“ - Скопје, ги разреши:

- Славе Николов,
- Славчо Димишков и
- Борислав Стојанов.

38.1. Владата за членови на Училишниот одбор-претставници на основачот на Државно училиште за рехабилитација на деца и младинци со оштетен вид „Димитар Влахов“ - Скопје, ги именува:

-Ивана Крстевска,
-Сања Станисавовска и
-Тања Јагуриноска.

39. Владата им утврди престанок на мандатот на проф. д-р Елизабета Бандиловска, проф. д-р Снежана Велковска и проф. д-р Ана Мартиновска определени претставници во Советот на Јавната научна установа Институт за фолклор „Марко Цепенков" – Скопје.

39.1. Владата за претставници на Советот на Јавната научна установа Институт за фолклор „Марко Цепенков" - Скопје ги определи:

-проф. д-р Драган Даутовски, Факултетот за музичка уметност, Скопје - Универзитет „Св. Кирил и Методиј";
-доцент д-р Виктор Трајановски, Институт за етнологија и антропологија, Природно математички факултет, Скопје Универзитет „Св. Кирил и Методиј";
проф. д-р Антонио Јакимовски, Институт за историја на уметноста и археологија, Филозофски факултет, Скопје Универзитет „Св. Кирил и Методиј".

40.Владата го разреши проф. д-р Симон Саздов од должноста член на Националната комисија за учебници, од високообразовните и научните установи од областа на јазиците, на негово барање.

40.1. Владата ја именува проф. д-р Луси Караниколова Чочоровска за член на Националната комисија за учебници, од високообразовните и научните установи од областа на јазиците.

41. Владата го именува Ибраим Ферати за вршител на должноста директорот на Државниот инспекторат за транспорт, орган во состав на Министерството за транспорт.

* * *

Заклучкот под т.41 не е реализиран, согласно Заклучок од 65-та седница на Владата, одржана на 1.4.2025 година.

## Точка 67

**1.** Владата ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за користење на капиталните дотации за финансирање на инвестициони проекти на општините и општините во Градот Скопје за 2025 година.

**2.** Владата по иницијативите за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за посебни услови за трговијата на одделни стоки и обврска на трговците да прибавуваат и продаваат определени видови и количества на одделни стоки на потрошувачите според определен редослед бр.50-1909/4 од 18 февруари 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.38/25), го задолжи Министерството за економија и труд да подготви и за наредната седница на Владата да достави заедничко (обединето) мислење, во соработка со Секретаријатот за законодавство.

**3.** Владата на предлог на Игор Јанушев, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија, а по повод Одлуката за одобрување на средства од резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, за покривање на трошоците за

превоз и престој/сместување во странство на членовите на семејствата во својство на придружба на македонските државјани/пациенти што се хоспитализирани и се лекуваат во странство, поврзани со пожарот што се случи во клубот „Пулс“ во Кочани, на 16 март 2025 година, како и потребата од прецизирање на документацијата за исплата на направени трошоци, регулирање на работниот статус, односно отсуството од работа (подолго од три работни дена), на лицата кои се придружба на македонските државјани/пациенти, што се хоспитализирани и се лекуваат, заклучи:

1) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да подготви и до Владата да достави Предлог-одлука за изменување и дополнување на Одлуката за одобрување на средства од резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година.

2) Се задолжува Министерството за економија и труд да формира работна група со претставници од сите надлежни институции, која ќе преземе мерки и активности и ќе ги разгледа начините за регулирање на работниот статус, односно отсуството од работа (подолго од три работни дена) на лицата кои се придружба на македонските државјани/пациенти, што се хоспитализирани и се лекуваат и за истото до Владата да достави соодветен предлог.

**4.** По повод последните изменувања и дополнувања за Законот за технолошки индустриски развојни зони, кои се однесуваат на користењето на сопствените приходи од страна на институциите и потребата од изменување и дополнување на други закони по однос на истото, Владата го задолжи Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, да формира работна група во која ќе бидат вклучени сите засегнати институции, која да предложи начин за надминување на овој проблем.

**5.** Владата во врска укажувањето на Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, за обезбедување на финансиски средства за одбележување на 8 април Меѓународниот ден на Ромите, го задолжи Министерството за односи меѓу заедниците, за следната седница на Владата, да достави информација со предлог за надминување на ова прашање.

**6.** Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на активности за реализација на Програмата на Владата на Република Северна Македонија за период 2024-2028 година, во делот на реформа на политичкиот систем, преку координација и надзор и ја усвои со следните заклучоци:

1) Се задолжува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, согласно заклучоците на Владата од седницата, одржана на 11.3.2025 година, да организира сеопфатни јавни дискусии, координативни состаноци, експертски дискусии и други форми на средби, работни состаноци и размена на мислења, на кои ќе се расправа и ќе се градат предлози за секој од наведените проекти од оваа информација.

2) Се определуваат Министерството за правда, Министерството за локална самоуправа, Министерството за јавна администрација и Министерството за дигитална трансформација да бидат носители на групите за реализација на наведените проекти од Информацијата, а во координација со заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

3) Се задолжуваат Министерството за правда, Министерството за јавна администрација, Министерството за локална самоуправа и Министерството за дигитална трансформација да ги формираат работните групи, односно персоналниот состав и во рок од пет дена за тоа да го известат претседателот на Владата Република Северна Македонија и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

4) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ги обезбеди потребните услови за поддршка и функционирање на наведените работни групи.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за дигитална трансформација, да учествува во работата на работната група за реорганизација на институциите и во работната група за трансформација на системот за управување со кризи.

**<u>Точка 68</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата на прекршочните предмети на Царинската управа и преземените мерки за нивно тековно решавање во 2024 година, како материјал за информирање.

**<u>Точка 69</u>**

Владата го разгледа Финансискиот извештај за работењето на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о., за период од 1.7.2024 година до 30.9.2024 година, како материјал за информирање.

**<u>Точка 70</u>**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работа на М-НАВ АД Скопје, за периодот јули - септември 2024 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид укажувањето изнесено во Мислењето на Министерството за финансии.

**<u>Точка 71</u>**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост, Скопје, за период од 1.7.2024 година до 30.9.2024 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид укажувањето изнесено во Мислењето на  Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 72**

Владата го разгледа Планот за годишна инвестициона програма на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 73**

Владата го разгледа Известувањето за преземени мерки по препораките на овластениот државен ревизор содржани во конечниот ревизорски извештај, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид укажувањето изнесено во Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 74**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското за работење на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција“ – Скопје во државна сопственост (МИА), за периодот од 1 јули до 30 септември 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 75**

Владата го разгледа Извештајот со финансиски показатели за реализација на Програмата за спроведување на интервентен фонд за земјоделството за 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 76**

Владата го разгледа Извештајот со финансиски показатели за реализација на Програмата за поттикнување на потрошувачка на свежо овошје за 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 77**

Владата ја разгледа Предлог – одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (седумдесет и девета одлука) и условно ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 78

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (осумдесет и трета одлука) и условно ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 79

Владата ја донесе Одлуката за укинување на увозната давачка- царинската стапка за живински и птичји јајца во лушпа, свежи, конзервирани или варени.

## Точка 80

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 12 март 2025 година до 18 март 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

## Точка 81

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на годишен план на Владата на Република Северна Македонија за склучување на договори за набавка на стоки, услуги и работи во областа на одбраната и безбедноста со влади на странски држави за 2025 година, со Предлог-годишен план, ја усвои Информацијата и го донесе Годишниот план за склучување на договори за набавки на стоки, услуги и работи во областа на одбраната и безбедноста со влади на странски држави за 2025 година, со заклучок текстот на истиот да се усогласи со Секретаријатот за законодавство, а Министерството за финансии да достави мислење по Годишниот план.

## Точка 82

Владата ја разгледа Информацијата во врска со текот и статусот на жалбената постапка против Република Северна Македонија поднесена до ИКАО од страна на Руската федерација за рестриктивни мерки во воздушниот сообраќај, со текст на Нацрт - реплика на Одговорот на Прелиминарниот приговор и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Репликата на Одговорот на Прелиминарниот приговор.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија во рок од три дена да ја достави Репликата на Одговорот на Прелиминарниот приговор преку агентот кој ја застапува Република Северна Македонија во постапката пред Советот на ИКАО.

## Точка 83

Владата ја донесе Одлуката за основање на Комисија за избор на кандидати на Република Северна Македонија за судија во Европскиот суд за човекови права.

## Точка 84

Владата ја разгледа Информацијата за измена на динамика на проектот на повеќегодишна јавна набавка за финансирање на активности за реализација на проектот „Регулација на речно корито на Сува Река во атарот на Општина Сарај“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните 2026, 2027 и 2028 година на Министерството за животна средина и просторно планирање за започнување на повеќегодишна јавна набавка за финансирање на активности на проектот „Регулација на речно корито на Сува Река во атарот на Општина Сарај" и тоа:

- 57.700.000,00 денари за 2025 година,
- 101.984.000,00 денари за 2026 година,
- 116.888.000,00 денари за 2027 година и
- 116.252.000,00 денари за 2028 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да ги предвиди потребните средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за животна средина и просторно планирање да ги предвиди потребните финансиски средства за наредниот период во рамки на одобрените максимални износи на расходи за соодветните години.

## Точка 85

Владата ја разгледа Информацијата за измена на динамика на повеќегодишна јавна набавка за финансирање на активности на проектот „Изградба на канализационен систем/мрежа/колектор во повеќе н.м во Општина Врапчиште" и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните 2026 и 2027 година на Министерството за животна средина и просторно планирање за започнување на повеќегодишна јавна набавка за финансирање на активности на проектот „Изградба на канализационен систем/мрежа/колектор во повеќе н.м во Општина Врапчиште" и тоа:

- 2026 година 117.000.000,00 денари и

- 2027 година 137.750.000,00 денари.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да ги предвиди потребните средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има во предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

Истовремено, Владата заклучи согласно Мислењето на Министерството за финансии, предлагачот да ги предвиди потребните финансиски средства за наредниот период во рамки на одобрените максимални износи на расходи за соодветните години.

**Точка 86**

Владата ја разгледа Информацијата за „Спроведување и задолжување согласно склучен договор за набавка на изворен код, одржување и модернизација на информационен систем за управување со човечки ресурси ИСУЧР" и заклучи предлог-заклучоците да се усогласат со Министерството за финансии и Министерството за дигитална трансформација.

*

*          *

Владата на Шеесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 8 април 2025 година, повторно ја разгледа Информацијата.

**Точка 87**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за именување на заменик гувернер на Република Северна Македонија во Европската банка за обнова и развој и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 88**

Владата ја разгледа Информацијата за доставено Барање за репрограмирање на долг бр.11-1575/1 од 21.2.2025 година на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија кон Министерството за финансии, поради неможност за отплата на доспеаните обврски по Договор за заем, склучен со Европската банка за обнова и развој, со текст на Договор, ја усвои и го задолжи Министерството за финансии да склучи Договор за регулирање на доспеаниот долг на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија кон Министерството за финансии по активираната државна гаранција, односно по платената рата на 10.2.2025 година по Договорот за обезбедување на државна гаранција бр. 15-9667/2 од 7.11.2023 година, за исполнување на обврските по Договорот за заем 53692 од 22.8.2023 година, склучен помеѓу Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија и Европската банка за обнова и развој за финансирање на Проектот за поддршка на ликвидноста на АД ЕСМ - Скопје во услови на енергетска криза, со рок на враќање од 10 години (120 месечни рати), без пресметка на редовна камата, со што

отплатата кон Министерството за финансии да почне од 1.5.2025 година, на износ и под услови, како што е утврдено во оваа информација.

Точка 89

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање и го утврди како Предлог на закон кој се носи по скратена постапка, со следниве заклучоци:

1. Министерството за транспорт да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање, по скратена постапка, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт, а за повереник д-р Стефан Волкановски, државен секретар во Министерството за транспорт.

Точка 90

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за превоз во патниот сообраќај и  го утврди како Предлог на закон кој се носи по скратена постапка, со следните заклучоци:

1. Министерството за транспорт да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување на Законот за превоз во патниот сообраќај, по скратена постапка, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт, а за повереник д-р Стефан Волкановски, државен секретар во Министерството за транспорт.

Точка 91

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај и го утврди како Предлог на закон кој се носи по скратена постапка, со следните заклучоци:

1. Министерството за транспорт да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај, по скратена постапка, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт, а за повереник д-р Стефан Волкановски, државен секретар во Министерството за транспорт.

## Точка 92

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за гробишта и погребални услуги и го утврди како Предлог на закон кој се носи по скратена постапка, со следните заклучоци:

1. Министерството за транспорт да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за гробишта и погребални услуги, по скратена постапка, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт, а за повереник д-р Стефан Волкановски, државен секретар во Министерството за транспорт.

## Точка 93

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за работното време на мобилните работници во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај и го утврди како Предлог на закон кој се носи по скратена постапка, со следните заклучоци:

1. Министерството за транспорт да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за работното време на мобилните работници во патниот сообраќај и уредите за запишување во

патниот сообраќај, по скратена постапка, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт, а за повереник д-р Стефан Волкановски, државен секретар во Министерството за транспорт.

## Точка 94

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за градење и го утврди како Предлог на закон кој се носи по скратена постапка, со следниве заклучоци:

1. Министерството за транспорт да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за градење, по скратена постапка, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт, а за повереник д-р Стефан Волкановски, државен секретар во Министерството за транспорт.

## Точка 95

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за јавна чистота и го утврди како Предлог на закон кој се носи по скратена постапка, со следните заклучоци:

1. Министерството за транспорт да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за јавна чистота, по скратена постапка, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт, а за повереник д-р Стефан Волкановски, државен секретар во Министерството за транспорт.

## Точка 96

Владата ја разгледа Информацијата за утврдување на минималната плата во Република Северна Македонија за 2025 година, ја усвои и го задолжи министерот за економија и труд да ја утврди и објави минималната плата во Република Северна Македонија за 2025 година.

*

*          *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:50 часот.

| Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија | Претседател на Владата на Република Северна Македонија |
| --- | --- |
| **Игор Јанушев** | **проф. д-р Христијан Мицкоски** |

Подготвил: м-р Љубомир Кукоски
Проверил: Никола Пасков
Контролирал: Стојанчо Радичевски
Согласен: Снежана М. Пендовски